Во втората половина на месец декември, тимот за спасување на планина на Црвен крст на град Скопје оддржа тренинг семинар за спасување во планина на 5 курсисти од Крушево на барање на општината Крушево.

На курсистите им беше теоретски презентирано што значи спасување во планина и која е должноста на спасувачот но исто така беше презентирано укажување на прва помош, транспорт и извлекување по стрмен терен како и потрага по исчезнат односно затрупан во лавина.
За потреби на снимање на репортажа беше презентирано и спасување од ски лифт на повреден скијач.